Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| Примено: 06.08.2017 | | |
| Орг. един. | Број | Час |
| 11 | 1474/1 | 13²⁰ |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 09 - 2482/2
06.08. 2017 година
СКОПЈЕ

**ДО ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Согласно членот 12 став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), во прилог Ви се доставува Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје број 09-2482/1, што претседателот на Собранието на Република Македонија го донесе на 6 август 2017 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

m-r Talat Xhaferi

Врз основа на членовите 12 став (1) и 16 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), претседателот на Собранието на Република Македонија на 6 август 2017 година донесе

# РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

**I**

Се распишуваат избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

**II**

Изборите ќе се одржат на 15 октомври 2017 година.

**III**

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија".

**IV**

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии, за градот Скопје Изборната комисија на градот Скопје и избирачките одбори.

**V**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09 - 2482/1
6 август 2017 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

м-р Талат Џафери